ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална сампуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 19 став 2 точка 2 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот Општина Берово на 41-та седница одржана на __.__. 2020 година, донесе:

О Д Л У К А

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО

Член 1

Во Деловникот за работа на Советот на Општина Берово Бр.07-702/1 од 22.06.2007 година, во глава V. РАБОТА НА СОВЕТОТ, по точката 1 се додава нова точка 1.1 која гласи: „1.1. Одржување на седница со употреба на комуникациски средства“ .

Во точката „11. Одржување на седница со употреба на комуникациски средства“ се додаваат следните членови: член 61-а, член 61-б, член 61-в, член 61-г и член 61-д кои гласат:

„Член 61-а

Во случај на прогласена воена или вонредна состобја или во случај на прогласена епидемија, пандемија или елементарна непогода, Претседателот на советот може да свика и да раководи со седницата на совет и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).”

„Член 61-б

Во случај на одржување на седницата со употреба на комуникациски средства, поканата со дневниот ред и материјалите за седницата се доставуваат на службена електронска адреса на членовите на советот или на алтернативна функционална електронска адреса која членовите на советот се должни да ја достават до претседателот на советот.”

„Член 61-в

Во случај на спреченост или отуство на претседателот на советот, седниците ги свикува и со нив раководи член на Советот овластен од претседателот на Советот или најстариот член на Советот доколку претседателот не овластил друг член.

„Член 61-г

Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства, гласањето по правило се одвива по пат на поименично произнесување на секој од членовите на советот кои се најавени на седницата, освен ако мнозинството од присутните членови на советот не одлучат поинаку.

ПРЕДЛОГ

„Член 61-д

За текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник, кој се објавува на веб страната на општината.”

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.__-____/1
__.11.2020 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
Јован Матеничарски